Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација
# **период октомври-декември 2023 година**

Скопје, јануари 2024 година

88

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

2

поведена постапка на КСЗД за заштита од дискриминација по службена должност

17

случаи на утврдена дискриминација во периодот од октомври до декември 2023 година

# ПРЕТСТАВКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во четвртиот квартал на 2023 година, до КСЗД се доставени 88 претставки, и тоа 73 од физички лица и 15 од правни лица.

Споредено со истиот период во 2022 година, бројот е зголемен за 33,33%.

Поведени се и 2 постапки по службена должност, така што вкупниот број нови предмети за заштита од дискриминација изнесува 90.




Од подносителите физички лица 29 не доставиле податок за припадноста по пол. Од оние кои доставиле, 19 (44,19%) биле мажи и 24 (55,81%) биле жени. Еден подносител изјавил дека има друга припадност.




Во однос на националната припадност, 37 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 23 биле Македонци, 4 Роми, 3 Албанци, 2 Бошњаци, 1 Србин и 1 Турчин. До КСЗД се доставени и 2 претставки од граѓани кои се изјасниле за друга етничка припадност (1 Бугарска и 1 Германска).




Во поглед на возраста, најмногу претставки биле поднесени од граѓани на возраст 41-50 години и 51-60 години. Потоа следат поднесоците од граѓани на возраст 31-40 години, 61-70 години и 21-30 години.
Податок за нивната возраст не доставиле 26 подносители на претставки.

# МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




41 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- 4 од Битола и Кочани
- 3 од Гостивар, Делчево, Куманово и Свети Николе
- 2 од Велес, Ново Село, Струмица и Тетово
- по 1 претставка од Прилеп, Брвеница, Валандово, Илинден, Кавадарци и Радовиш.
- 3 од ГО со седиште во Брисел
- Адресен податок не доставиле 10 подносители на претставки.

# ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ НА 2023




Во четвртиот квартал на 2023 година, КСЗД одлучуваше по вкупно 271 предмети за заштита од дискриминација (270 претставки и 1 постапка по службена должност).

Донесени се 41 мислења од кои во 17 случаи се утврди дискриминација, а во 24 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало по 230 претставки.

Заклучно со 31 декември 2023 година, за 78 предмети постапувањето т.е одлучувањето на КСЗД е во тек.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчеста и е утврдена во вкупно 8 случаи. Индиректна е утврдена во 2, вознемирување во 6 и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во 3 случаи.

Интерсекциска дискриминација е утврдена во 2 случаи - како продолжено интерсекциско вознемирување и како директна интерсекциска дискриминација.

Продолжена дискриминација е утврдена во 4 случаи: 2 продолжена директна, 1 продолжена директна и продолжена индиректна и 1 како продолжено интерсекциско вознемирување.

### Основи на утврдена дискриминација




Во 17-те случаи на дискриминација, КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост врз 15 различни основи. Во 10 случаи е утврдена врз една основа, а во 7 како дискриминација врз две или повеќе основи.

Родовиот идентитет е најчеста основа утврдена во 6 случаи во четвртиот квартал на 2023 година. Потоа следат основите: сексуална ориентација, личен и општествен статус, пол, припадност на маргинализирана група, политичка припадност, раса, етничка припадност, јазик, род, семејна или брачна состојба, возраст и образование. Во 2 случаи КСЗД утврди дискриминација врз други основи и тоа: бременост, раѓање и родителство и нечленување во синдикална организација.

### Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во четвртиот квартал на 2023 година, биле утврдени во областа на работните односи. КСЗД утврди дискриминација и во јавното информирање и медиуми, образование, наука и спорт, пристап до добра и услуги, домување и членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Продолжена дискриминација и вознемирување врз основа на возраст и бременост, раѓање и родителство во областа на работните односи во правосудството

Посебен интерес во јавноста предизвика случајот на утврдена директна продолжена дискриминација како потежок облик на дискриминација по основ на лично својство и општествен статус, еднаш изразено како возраст, а вториот пат како бременост раѓање и родителство, извршена од страна на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија кон јавната обвинителка Ленче Ристоска. Комисијата исто така, во овој случај  утврди и вознемирување како вид на дискриминација по основ на бременост, раѓање и родителство, извршена од страна на поранешниот претседател на СЈОРСМ Антонио Јолевски во форма на јавна изјава дадена за медиуми, во областа работни односи во правосудството. Имено, со одлуката на Комисијата во конкретниот случај се има за цел да се посочи дека жените не треба да бидат доведени во ситуација да мораат да изберат помеѓу себереализацијата на приватен план како родители и нивната реализација на професионален план. Напредокот на жените во нивната професионална кариера не смее да биде оневозможен поради бременост, отсуство од извршување на работните задачи за време на бременост, раѓање и мајчинство или истите да бидат предмет на дискусија и одлучувачка околност при донесувањето на одлука за вработување или унапредување на жените на нивните работни места. Оваа форма на дискриминација зборува за постоење на нееднакви услови за мажите и жените на пазарот на труд и има клучно влијание врз родовата нееднаквост во областа на работните односи. Исто така при одлучување за вработување или унапредување на жените, треба да биде земена предвид нивната стручност и компетентност наспроти нивната возраст. Во овој случај, Комисијата препорача утврдениот дискриминатор – Советот на јавни обвинители, при извршување на своите законски надлежности, во иднина да се воздржи од практики кои продуцираат нееднаков третман и дискриминација на јавните обвинители по било кој дискриминаторски основ при остварување на нивните права од работен однос, вклучително и можноста од унапредување и да ја почитува и применува законски загарантираната заштита од дискриминација по сите основи – особено бременоста, раѓањето и мајчинството. Воедно се препорача поранешниот претседател на Советот – Антонио Јолевски, сега член на Советот, писмено да и се извини на јавната обвинителка Ленче Ристовска за сторената дискриминација во форма на вознемирувачки говор кон неа. Со оглед дека во утврдениот рок не е постапено по препораките на Комисијата, соодветно ќе биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

### Пратеник повикувал, поттикнувал и дал инструкции за дискриминација врз трансродовите лица на Фејсбук

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми од страна на пратеник во Собранието на РСМ врз трансродовите лица. Пријавениот, со дискриминаторска објава на Фејсбук, поттикнал коментари кои содржат вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како вид на дискриминација и истиот не ја презел одговорноста да ги модерира или отстрани, со оглед на тоа што се наоѓаат на неговиот профил. При носење на мислењето, Комисијата особено го зеде предвид фактот што дискриминаторот е пратеник во Собранието на РСМ и сноси висока општествена одговорност. Комисијата препорача дискриминаторот да ја отстрани објавата, а во иднина да се воздржува од активности со кои се повикува и поттикнува дискриминација или со кои се инструира извршување на дискриминација по било кој основ. Препораката дадена од КСЗД беше исполнета, посочениот ја отстрани објавата од социјалната мрежа Фејсбук.

КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk